BRIMA DOO
III Mak. Brigada bb (Upravna zgrada Rade Koncar)
PO box 593, 1000 Skopje MACEDONIA
VAT No. MK 4030999372067
Tel/fax: ++389(02) 2461848
E-mail: office@brima.com.mk
Web: www.brima.com.mk

# WIN-Gallup International

## Глобалното истражување на јавното мислење открива широка поддршка во светот на американската акција против Осама бин Ладен, но мислењата се разликуваат во однос на деталите

Според првата глобална анкета после настанот, постои широка поддршка низ светот со 81% што ја поддржува американската акција против Осама бин Ладен во која тој беше убиен на 2 мај оваа година. Поддржувачите на акцијата сепак се поделени помеѓу потполни поддржувачи на тоа дека бин Ладен е убиен, вкупно 39% од вкупно анкетираните и делумна поддршка (42%) кои се противат на начинот како беше изведена акцијата и повеќе сакаа да го видат Осама бин Ладен уапсен отколку убиен. Само 9% не ја одобруваат акцијата а 10% не одговориле велејќи дека немаат мислење или не знаат за оваа акција.

Во Македонија половината анкетирани 52% ја поддржуваат американската акција, од кои 12% потполно ја поддржуваат акцијата во која е убиен Осама бин Ладен а поголемиот дел од нив 40% даваат делумна поддршка и се противат на начинот како е изведена акцијата и повеќе сакале тој да биде уапсен но не и убиен, 9% се спротивставуваат на оваа акција, 7% не слушнале за инцидентот а 32% немаат определен став по ова прашање.

Глобалното истражување беше спроведено од Gallup International (во асоцијација со WIN групацијата), најстарата и најголемата светска мрежа на независни истражувачки агенции. Примерокот изнесува 20,995 мажи и жени кои беа избрани според стандардни процедури. Истражувањето се спроведе во 25 земји од сите делови на светот претставувајќи ги најголемите нации како Кина, Индија и САД а и помали како Исланд. Во примерокот се претставени Азија, Африка, Источна и Западна Европа и Америка и го претставува мислењето на луѓе кои припаѓаат на различни етнички групи, религии, социо-економски групи, возрасти и пол.

Истражувањето покажува дека и покрај широкото одобрување на американската акција има разлики помеѓу различните региони и религии.

Мислењето во Северна Америка повеќе е наклонето кон целосна поддршка на американската акција против Осама бин Ладен во која тој беше убиен на лице место, додека во Европа, иако акцијата има голема поддршка, се повеќе наклонети кон тоа бин Ладен да беше уапсен отколку убиен.

Интересно но не изненадувачки е дека само половината, 53% од анкетираните се сигурни дека убиениот во акцијата беше Осама бин Ладен, останатите се поделени помеѓу оние кои мислат дека акцијата била лажна 22% а 24% не дале одговор.

Анализата на резултатите покажува дека во основа има две тенденции во перцепцијата на овој настан. Во еден дел од светот како што се САД, Канада, Финска и Грерманија голем дел од граѓаните 70% и повеќе сметаат дека убиениот е Осама бин Ладен додека наспроти тоа во друга група земји малцинството од испитаниците е уверено дека Осама бин Ладен е убиен, Македонија 16%, Русија, 17%, Пакистан 25%, Босна и Херцеговина 28%, Тунис 29%, Србија 31% итн., додека резултатите во останатите земји варираат помеѓу овие две тенденции.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека има очигледна врска помеѓу тоа каква е поддршката на американската акција и мислењето (верувањето) дека вистинскиот Осама бин Ладен е убиен во таа акција. Така 70% од целосните поддржувачи на акцијата рекле дека се убедени дека убениот е Осама бин Ладен, само 48% од нецелосните поддржувачи или уште помалку, 32%, од оние кои се спротивставуваат на акцијата го делат ова мислење. Ваквите скептични мислења не се невообичаени со оглед на тоа дека скоро 13% од американските граѓани сеуште мислат дека нивниот претседател не е роден американец иако тој неодамна го покажа својот извод на родените.

Наодите од истражувањето истотака покажуваат разлики во мислењата на анкетираните според нивната религија. Додека мнозинството муслимани даваат слаба поддршка на американската акција, нивните мислења  се наклонети кон нецелосна поддршка и во висок степен муслиманите од сите континенти се спротивставуваат на акцијата споредено со луѓето од други вери во истите области. Во глобала спротивставувањето на американската акција изнесува 21% кај муслиманите споредено со 7% кај испитаниците со поинаква ориентација или вера. Во Европа и Америка спротивставувањето помеѓу муслиманите кои живеат на тие континенти е 9%  за разлика од 4% меѓу другите (не муслимани). Во Африка спротивставувањето е 19% меѓу муслиманите а 9% кај останатите, во Азија спротивставувањето е 22% меѓу муслиманите додека 8% меѓу луѓето со друга вера и ориентација.
Слично како и на глобално ниво и граѓаните во Македонија од муслиманска вероисповест во значително поголем број 17% се спротивставуваат на акцијата споредено со 7% испитаници од другите религиозни ориентации во земјата.

## Импактот на смртта на Осама бин Ладен врз тероризмот во светот

Само 20% од глобалното јавно мислење има надеж и оптимизам дека смртта на Осама ќе ги намали терористичките напади низ светот. Песимистите кои сметаат дека тероризмот ќе се зголеми се 38% и се  побројни од оптимистите. Останатите, 29% веруваат дека ситуацијата ќе остане непроменета додека 13% не знаат.

Во Македонија оптимизмот дека терористичките напади во светот ќе се намалат е низок 8% слично како и во голем број европски земји како што се Полска, Русија и Романија 8%, потоа 7% Босна и Херцеговина и Исланд, 6% Србија и Финска, 4% Белгија, 3% Германија итн.

Во земјава бројот на песимистите 33% кои сметаат дека терористичките напади ќе се зголемат е во близина на глобалниот просек. Останатите 28% сметаат дека ситуацијата нема да се промени а 31% не знаат.

## Импактот на имиџот на претседателот Обама

Општо земено 27% граѓани во светот велат дека имиџот на претседателот Обама се подобрил после акцијата против Осама бин Ладен. Сепак голем број, 45% рекле дека имиџот на претседателот Обама во нивните очи не се променил или кај , 17%. дури и се влошил а 11% не дале никаков одговор. Како што можеше да се очекува имиџот на претседателот Обама најмногу се зголеми кај оние кои целосно ја поддржуваат акцијата, 42% (земено како подобрување на имиџот минус ќе му наштети на имиџот). Од друга страна кај оние кои нецелосно ја поддржуваат акцијата промената на имиџот е само -8%, додека меѓу опонентите на акцијата имиџот е негативен -33%. Помеѓу поддржувачите на претседателот Обама неговиот имиџ се зголемил за 24%.

За повеќе од половината испитаници (53%) во Македонија имиџот на американскиот претседател Обама останува непроменет, за 9% се подобрил, а кај 7% се влошил. Импактот на овие настани во европскиот контекст, слично како и во нашата земја, покажува дека сосема мал дел од јавноста смета дека имиџот на претседателот Обама се подобрува, во Шпанија 12%, во Босна и Херцеговина 9%, во Финска 5%, Русија и Србија 4% наспроти повеќекратно поголем дел од јавноста во САД 32% каде имиџот се подобрил.

Методологија

Истражувањето во Македонија беше спроведено од БРИМА, од 20-26 мај 2011, 500 испитаници со метод на телефонско анкетирање (CATI), со маргина на грешка +/- 4.4%.

Gallup International Association (не е поврзана со Gallup Inc со седиште во Washington D.C) ги архивира своите податоци во **University of Michigan, Ann Arbor/ICPSR**-Inter-University Consortium for Political and Social Research. Податоците од овие и други Gallup International истражувања (неколку се спроведени во асоцијација со WIN) се достапни со ICPSR после ембаргото од 12 месеци од датумот на објавување.

БРИМА е Македонски член на Gallup International Association.

Информацијата ќе биде достапна и на нашата web страна www.brima.com.mk

Со почит
БРИМА